# ЗА ЗРНОВЦИ
# ГАРАНТИРАМЕ

7

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани на Општина ЗРНОВЦИ, **ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе, пред Нас се претстојните Локални избори !

Избори, на кои повторно Ние граѓаните на Општина Зрновци ќе испишеме победничка историја за нашата Општина Зрновци, за политиките на нашата партија ВМРО-ДПМНЕ.

Во изминатите години покажавме и докажавме дека само сплотени, со многу труд и пожртвуваност, можеме да ја постигниме целта, од Општина Зрновци да изградиме прекрасно место за живеење, светла дестинација за туристите и посетителите, успешна македонска приказна, преку реализирање на огромен број проекти.

Успехот не е случајност. Тој е напорна работа, пожртвуваност, истрајност, учење и многу љубов кон она што го правите и создавате за својата општина за своите сограѓани. Тоа го должиме на помладите и идни генерации.

Не чекаат нови 4 години посветеност, градење и развивање со искрено и одговорно ветување за реализирање на нашата Предизборна програма за работа, која што содржи огромен број идеи, проекти и решенија.

Кога ќе ја добиете во рака, прочитајте ја, ќе видите дека е сеопфатна, а јас ветувам дека како Ваш Градоначалник максимално ќе се залагам и посветено ќе работам за нејзина реализација.

Впрочем тоа се Ваши идеи, предлози, решенија и потреби, кои што во изминатиот период заедно ги сумиравме, анализиравме и

ги ставивме на хартија.

И,тоа не се само зборови на хартија, тоа се мотивот и мислите во мене кои ми се водилка за посветено и одговорно работење за доброто на сите граѓани на Општина Зрновци.

Покрај реализирањето и решавањето на тековните работи, ќе реализираме економско исплатливи капитални проекти и инвестиции во трите населени места на општината, во Видовиште, Мородвис и Зрновци. Проекти кои што ке ја зголемат економската моќ на Општина Зрновци .

Посветено ќе работиме во сферата на Инфраструктурата, Урбанизмот, Земјоделието, Културата, Туризмот и Спортот.

Социјалната заштита ќе ја подигнеме на повисоко ниво со надоградување во делот на Безбедноста, Здравствените услуги и Противпожарната заштита.

Младите, расадот на нашата иднина ќе бидат одлучувачки фактор, рамо до рамо со останатите локални совети со што ќе се обезбеди потранспарентно и пошироко граѓанско учество во работењето на Локалната самоуправа.

Инстуционално ќе ја надоградуваме Локалната самоуправа за поефикасно и подинамично навремено одговарање на потребите и барањата на сите граѓани на општината.

Општина Зрновци продолжува па патот на просперитетот и успехот, Ве повикувам сите граѓани на Општина Зрновци, кои што го делат истото мислење и желба за модерна и економски силна општина, да ни се приклучат со подршка во изборната кампања и да бидат дел од големата победа и иднина за модерна, економски моќна и урбана наша Општина Зрновци.

Да сте ми живи и здрави, Вие и Вашите семејства !

Борчо Коцев

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ЗРНОВЦИ

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за општина Зрновци ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО СЕЛО ЗРНОВЦИ

Инсталирање на нова секундарна мрежа во село Зрновци во должина од 12 километри, при што старата би останала за снабдување на нетретирана техничка вода за наводнување на дворните површини и користење во сточарските фарми со пониска цена од водата за пиење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2021- 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ЗАФАТ- БРАНА НА ВИДОВИШКА РЕКА СО УРЕДУВАЊЕ НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА НАД СЕЛО ВИДОВИШТЕ

Проект кој целосно ќе обезбеди доволно количество на вода за домаќинствата и наводнување на дворните површини со што трајно би се решил повеќедеценискиот проблем на недостаток на вода во село Видовиште во летниот период. Обновување на секундарната водоводна мрежа на места каде што е оштетена

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ЗАФАТ-БРАНА НА МОРОШКА РЕКА СО УРЕДУВАЊЕ НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА НАД СЕЛО МОРОДВИС

Проект со кој што целосно ќе обезбеди доволно количество на вода за домаќинствата и наводнување на дворни површини со што трајно би се решил повеќе деценискиот проблем на недостаток на вода во село Мородвис во летниот период. Обновување на секундарната водоводна мрежа на места каде што е оштетена.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / Буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН ПАЗАР ВО СЕЛО ЗРНОВЦИ

Нов модерен објект кој што на производителите на земјоделски производи, трговците и купувачите ќе им обезбеди пристојно функционирање и извршување на своите потреби и во лоши временски услови и во зимскиот период од годината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВ КОМПЛЕКС ЗА МЛАДИТЕ

Проект кој ќе ги исполни детските срца и ќе даде стимул за спортување на младите. На локација покрај речното корито на Зрновка на излезот од селото ќе се изгради комплетно нов детски парк, Фитнес зона на отворено, Алпинистички појас и стаза за ролери. Исто така со реализација на овој проект ќе се заживее и ќе се афирмира овој дел од село Зрновци

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/ Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕЧЕН ТУРИЗАМ

Просторно уредување на речното корито на река Зрновка со елементи на речен туризам и рекреација кај место викано ЦЕНТРАЛА.

Изградба на речен базент, уредување на плажа, поставувањеелементи за спортување. Со проектот ќе се доуредат природните убавини на речното корито привлечни и достапни не само за жителите на општина Зрновци, туку и за посетителите од цела Македонија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО СЕЛО ВИДОВИШТЕ

Со реализирање на овој проект во место со природни убавини, тивко и мирно, би се постигнале две многу значајни цели, едната заживување на село Видовиште, и другата згрижување на стари лица од целиот регион во прекрасни услови и живописна природа.

**Извор на финансирање:** МТСП / ЈПП.

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.

## ИЗГРАДБА НА ПРОЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ЗРНОВЦИ

Проект со кој првично ќе се продолжи канализациската мрежа на поголема далечина од населеното место, ќе се уреди просторот кој што сега се користи како дива депонија и со изградбата на прочистителната станица ќе се заштити животната средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЗА МАЛО СТОПАНСТВО

Со пренамена на оскудното и неплодното земјоделско земјиште од 6-та класа со површина од 3 до 5 хектари ќе уредиме нова индустриска зона со комплетна патна и водоводна инфраструктура, која што ќе претставува темел за економска револуција во Општина Зрновци, градење на производни и преработувачки капацитети од различни дејности и нови вработувања.При тоа ќе се добие примамливо место за инвестирање на лицата од Бизнис секторот од Македонија како и компании надвор од Македонија, со однапред одредени поволности и услови за инвестиции согласно законите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА КАПЕЛА

Нов објект кој ќе овозможи услови за олеснителни и достојни дејствија согласно неговата намена

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Наредните 4 години посебен акцент ќе ставиме на зголемување на економската моќ на општината воедно и на сите граѓани на Општина Зрновци. Ова само по себе носи можност за обезбедување на подобри услови за живот во секојдневието.

## I. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Како ВМРО-ДПМНЕ се обврзуваме дека во наредните четири години ќе дадеме целосна поддршка на иновациите и претприемништвото. Ќе ги подобримена локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП. Воедно се залагаме за донесување на локална стратегија за промоција на странски инвестиции и ќе посветиме големо внимание на давањето на поддршка на занаечиството и малите локални бизниси.

### ➤ ИЗГРАДБА НА НОВИ ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ

Проектот опфаќа изградба на сообраќајници, изградба на водовод и канализација и поставување на енергетски ефикасни светилки во индустриската зона.

Со пренамена на оскудно и неплодно земјоделско земјиште од 6-та класа во градежно на површина од 3 до 5 хектари ке уредиме нова индустриска зона со комплетна патна и водоводна инфраструктура, која што ќе претставува темел за економска револуција во Општина Зрновци.Со тоа ќе создадеме примамливо место за инвестирање на лицата од Бизнис секторот од Македонија како и компании надвор од Македонија, со однапред одредени поволности и услови за инвестиции согласно законите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ИЗРАБОТКА НА ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИТОРИ

Овој водич ќе ги содржи сите податоци и поволности што ги нуди Општина Зрновци за инвестирање и развој на локалната економија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Предвидена е изработка на нова Стратегија за локален економски развој со јасно дефинирани активности и насоки за дејствување, во соработна со Советот за локален економски развој кој ќе го формираме со претставници од бизнис секторот, студенти и наши сограѓани, претприемачи кои живеат во европските земји.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Предвидена е поддршка на младите за развој на претприемничкиот дух преку orрганизирање на трибини, обуки, саеми и помош при аплицирање за користење на средства од меѓународните фондови. Младите, несомнено, имаат потреба од поддршка и размена на искуства неопходни за постигнување на позитивни резултати и успеси во приватниот сектор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## II. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните. Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања за ИКТ, возраст, образование, финансиски средства, дали се работи за лица со инвалидност, лица од социјално маргинализирани групи итн. Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектот се планира воведување на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, проширување на оптичката мрежа и инсталации низ целата Општина Зрновци.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ - ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Проектот е замислен како „open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот“. Со истиот ќе им се овозможи на граѓаните на Општина Зрновци брза и ефикасна достапност по електронски пат на сите потребни документи и информации од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА НА ДАНОК

Сервис за електронска проверка на даночни задолженија на физички и правни лица. Воведување на модул со можности за преглед и плаќање преку е-платформи за даноци, како и сервис за пријавување на проблеми и жалби при даночните постапки. Сето ова води кон поедноставување на испораката на услугите, подобрување на нивниот квалитет, како со физичкиот така и со електронскиот пристап за граѓаните. Воедно се зајакнува и фискалната дисциплина, без зголемување на давачките.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## Е - ОПШТИНА

Воведување на систем кој ќе овозможи во секое време од денот, преку интернет порталот на општината или компатибилно мобилно решение, да се пријави комунален проблем кој општинските служби ќе се обидат да го решат или да ги информираат граѓаните до каде е решавањето на проблемот во најкраток можен рок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СОФТВЕР ЗА ЕЛЕКТРОНСКА АРХИВА

Софтвер за канцелариско и архивско работење со веб базирано решение за електронско следење на сите предмети поврзани со работата на локалната самоуправа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СИСТЕМ ЗА ДИГИТАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ

Воведување на систем за дигитализација на општинските услуги и сите административни процеси, кој ќе овозможи навремено и квалитетно завршување на обврските на граѓаните и работните задачи на администрација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 4. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## I. ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ (ЛОКАЛНА И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОВРЗАНОСТ)

### ➤ РЕГУЛАЦИЈА НА СООБРАЌАЈНИОТ РЕЖИМ СОГЛАСНО СО ИЗРАБОТЕНИОТ СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ЗА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Регулација на сообраќајниот режим согласно со изработен Сообраќаен проект за Општина Зрновци.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ➤ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА СО ЦЕЛ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ

Проектот опфаќа поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација со цел подобрување на безбедноста во сообраќајот за сите учесници, како и полесна мобилност на учесниците во сообраќајот

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/ Меѓународни финансиски институции

**Рок на реализација:** 2024 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА СИТЕ УЛИЦИ СО ВИДНО ОШТЕТУВАЊЕ КАКО ПРИОРИТЕТ ВО ТРИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

- **ЗРНОВЦИ УЛИЦИ:**

ул.„Авној“,ул.„Никола Карев“, ул.„Филе Ристов“,ул.„Скопска“, и дел од ул.„Илинденска“

краци со оштетување од ОУ „Синиша Стоилов“ до завршување на истата јужно,ул. „Гоце Делчев“,ул.„ Маршал Тито“ дел од м.в. Соколана до м.в. Централа и источните краци од истата, краци на ул.„Аспарух Манев“ лево и десно од Мост „Капетан Синиша Стоилов“ до место викано Чешма, дел од улицата „Генерал Апостолски“ од плоштад „Свети Димитрија“ до ОУ„ Синиша Стоилов“.

- **ВИДОВИШТЕ УЛИЦИ:**

Асвалтирање на место викано Магила, улици:ул „Стоимен Ангелов“,ул. „Арсо Ангелов“, ул. „Калчо Штериов“, нова улица покрај Видовишка река

- **МОРОДВИС УЛИЦИ:**

ул.„Димче Петров“,ул.„ Илија Танев“, ул„Браќа Ставреви“, ул.„Трифун Ванѓелов“

**Рок за извршување:** 2022-2025 година

**Извор на финансирање:** Општински буџет / Агенција за финансиска подршка на руралниот развој

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ТРИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА :

- Нов локален од место викано„ Дива топола“ до сврзување со постоечкиот локален пат Зрновци-Виница, со изградба на мост на река Зрновка. Овој локален пат би претставувал нова обиколница, која што ќе ја поврзува директно новата Индустриска зона за мало стопанство-Зрновци со Виница и Кочани и ќе овозможи на поефикасен и полесен начин транспортирање на земјоделските производи, а исто така би се растеретил и сообраќајниот метеж предизвикан од тешки товарни возила во централното подрачје на село Зрновци
- Нов локален пат Зрновци-Мородвис ( Штипски пат ) од Фудбалско игралиште Зрновци спојување со локалниот пат долж училиштето „Синиша Стоилов“ во село Мородвис

- Нов локален пат Мородвис-локалитет-Манастир Свети Симеон
- Нов Локален пат во село Видовиште од место викано „Гумења“ до место викано „Друм“. Со реализација и асфалтирање на овој пат се отвара можност во блиска иднина, во соработка со општина Кочани да се реализира целосно асфалтно поврзување со село Мојанци со изградба на мост на река Брегалница
- Нов Локален пат од село Видовиште до манастир Свети Спас

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.

## II. ПОЛСКИ ПАТИШТА

Расчистување уредување, тампонирање, валирање на сите полски патишта и ставање во функција на сите вади покрај полските патишта во трите населени места со вкупна должина од околу 12 километри

- Прибачевски пат, село Зрновци со должина од 1500 метри;
- Полски пат, село Зрновци од м.в. Раскрсница до м.в. Бабареа Вада со должина од 1500 метри;
- Полски пат, село Зрновци во место викано Бојзе-Трње со должина од 500 метри;
- Полски пат од село Зрновци, кон село Мородвис, м.в. Црквиште со должина од 1500 метри;
- Полски пат Лесковски пат, село Зрновци со должина од 2000 метри;
- Полски патишта во село Мородвис со должина од 2000 метри;
- Полски патишта во село Видовиште со должина од 2000 метри;

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

# III. ПЛАНИНСКИ ПАТИШТА

УРЕДУВАЊЕ -тампонирање, валирање, бетонирање на одводни решетки

- Планински пат село Зрновци-Водна кула;
- Планински пат село Видовиште- манастир „Света Петка“;
- Планински пат Зрновци-манастир „Свети Тома“;

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

# IV. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА (ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ГРАДЕЊЕ НА МЕСТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА)

## ➤ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ-ТРОТОАРИ

- Пешачка патека од мост „Синиша Стоилов“ до црква „Свети Димитрија“-Зрновци;
- Пешачка патека над училишниот двор на улица „Илинденска“
- Пешачка патека со елементи на одвод за атмосверска вода со која што ќе се зголеми и безбедноста во сообраќајот за време на врнежи покрај локалниот пат Кочани-Зрновци од мост на река Брегалница до фудбалско игралиште во село Зрновци;
- Пешачка патека од зградата на Локална самоуправа на Општина Зрновци до фудбалско игралиште – Зрновци;
- Пешачка патека од зградата на Локална самоуправа на Општина Зрновци до излезот кон село Мородвис

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / Во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

### СООБРАЌАЈНИ И ПЕШАЧКИ МОСТОВИ

- Изградба на нов собраќаен мост во долниот дел на река Зрновка кај место викана „Дива топола“ кој ке ги спојува локалниот пат Зрновци-Кочани-Виница и Зоната за стопанство, а притоа ке формира целина за алтернативен излез-влез во Општина Зрновци
- Целосна реконструкција и проширување на постоечкиот собраќаен мост кој што ѓи поврзува улиците „Маршал Тито“ и „Генерал Апостолски“ кај сала „Соколана“
- Комплетно нов модерен пешачки мост на место на постоечкиот во централното подрачје на село Зрновци. Мост кој што истовремено со неговата конструкција, изглед и додатни елементи ќе претставува и вистинска туристичка атракција.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / Во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година

## V. УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### ЕЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ЦЕЛАТА ОПШТИНА СО ЛЕД-СВЕТИЛКИ

Преку замена на постојните живини со ЕЕ ЛЕД-светилки, освен што ќе се подобри квалитетот на уличното осветлување, значително ќе се намали и трошокот за електрична енергија кој општината во моментов го издвојува од својот буџет.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

### ИЗГРАДБА НА НОВИ СИЈАЛИЧНИ МЕСТА ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА КАДЕ ШТО НЕМА ОСВЕТЛУВАЊЕ

Континуирано поставување на нови сијалични места на територијата на Општина Зрновци, како и редовна замена на постојните светилки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

# VI. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

## ИЗГРАДБА НА НОВ КОМПЛЕКС ЗА МЛАДИТЕ ВО СЕЛО ЗРНОВЦИ

Проект кој ќе ги исполни детските срца, даде стимул за спортување на младите. На површина покрај речното корито на Зрновка на излезот од село Зрновци ќе се изгради комплетно нов детски парк, Фитнес зона на отворено, Алпинистички појас и стаза за ролери.Исто така со реализација на овој проект ќе се заживее и афирмира овој дел од село Зрновци

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОВИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Со овој проект ќе продолжат инвестициите за уредување на училишните дворови и нивно одржување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

Со изградбата на системот ќе се овозможи постојано наводнување на зелените површини, а ќе се олесни и начинот на одржување на зеленилото.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

**Рок на реализација:** 2023 година.



# 5. КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ

## РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТОЈАНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО ВИДОВИШТЕ И СЕЛО МОРОДВИС

### ИЗГРАДБА НА ЗАФАТ- БРАНА НА ВИДОВИШКА РЕКА СО УРЕДУВАЊЕ НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА НАД СЕЛО ВИДОВИШТЕ

проект со кој што ќе се обезбеди доволно количество на вода за домаќинствата и наводнување на дворните површини,со што трајно би се решил повеќедеценискиот проблем со недостаток на вода во село Видовиште во летниот период. Обновување на секундарната водоводна мрежа на места каде што е оштетена

### ИЗГРАДБА НА ЗАФАТ-БРАНА НА МОРОШКА РЕКА СО УРЕДУВАЊЕ НА РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА НАД СЕЛО МОРОДВИС

проект со кој што целосно ќе се обезбеди доволно количество на вода за домаќинствата и наводнување на дворни површини, со што трајно би се решил повеќедеценискиот проблем на недостаток на вода во село Census Мородвис во летниот период. Обновување на секундарната водоводна мрежа на места каде што е оштетена.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СЕКУНДАРНАТА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО СЕЛО ЗРНОВЦИ

Инсталирање на нова секундарна мрежа во село Зрновци во должина од 12 километри, при што старата би останала за снабдување на нетретирана техничка вода за домовите и фармите

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2021-2023 година.

## ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА

Проектот ќе опфати изградба на улици и тротоари како и поставување на ново улично осветлување со ЕЕ светилки, со целосна водоводна и канализациска мрежа

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИНСТАЛИРАЊЕ НА НОВИ ДИГИТАЛНИ ВОДОМЕРИ ВО СИТЕ ДОМАЌИНСТВА НА ОПШТИНАТА

Проект кој што ќе овозможи поголема транспарентност, ефикасност и динамичност во работењето на комуналната служба а воедно ќе го реши и проблемот со сите диви приклучоци на водоводната мрежа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОКРИВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЛЕВИОТ МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ

Покривање на левиот магистрален канал од Калиманска брана при излезот од село Зрновци, кој предизивкува загадување на животната средина, ја загрозува и безбедноста на сите учесници во сообраќајот. во должина од 200 метри и ширина од 5 метри.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/Во соработка на централната власт

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ИЗВЕДБА НА АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИ

Планирана е изведба на секоја улица во општината каде што се јавува проблем со атмосферските води.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕЧНИ КАСКАДИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ

Проектирање и изградба на четри каскади ( три во горниот и една во долниот дел на течението) на река Зрновка во Зрновци, за регулирање на водата за наводнување на земјоделски површини

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА КЕЈОТ НА МОРОШКА РЕКА ВО СЕЛО МОРОДВИС

Проект кој комплетно ќе го смени изгледот на влезот во село Мородвис долж реката, со уредување на земјениот брег, проширување на улицата инсталирање на елементи од урбан карактер и хортикултурно уредување на целиот простор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.



# 6. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

## НОВ ОДРЖЛИВ КОНЦЕПТ НА УРБАНИЗАЦИЈА И ДОМУВАЊЕ

### ИЗРАБОТКА НА НОВ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Ќе се направи ново зонирање и основа за изработка на нови детални урбанистички планови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

### ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВИ ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Изработка на повеќе детални урбанистички планови за сите населени места во општината поради надминување на важноста на постојните ДУП, како и изработка на нови за местата за каде што нема изработено ДУП.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

### ДОВРШУВАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ГИС-СИСТЕМОТ ЗА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Создавањето на ваков систем е од огромна важност за достапноста на податоците кои постојано ги следат граѓаните и компаниите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 7. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психо-физичка личност што всушност претставуват основни приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ.

Модернизација и одржување на училиштата ЦОУ „Синиша Стоилов“ во Зрновци и училиштето во Мородвис согласно ЕУ стандарди и подобрување на условите за учење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ.

Стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## НАБАВКА НА ТАБЛЕТИ И ДРУГА ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА ЗА ДЕЦАТА ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕДОВНИ СОСТАНОЦИ

Како јавни дебати помеѓу образовните структури, локалната самоуправа и приватниот сектор на кој ќе се изнесуваат идеи за развојот на образованието во иднина врз основа на потребите на пазарот на трудот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЗГРАДИ.

Преку дополнителна финансиска поддршка од општината училишните објекти ќе се реновираат во насока на ефективни енергетски и еколошки градбени објекти.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ОПШТИНАТА РЕДОВНО СО ПОДДРШКА ЌЕ УЧЕСТВУВА ВО АПЛИЦИРАЊЕТО И ДОБИВАЊЕТО НА ПРОЕКТ-ПРОГРАМИ

од познати странски невладини организации, преку кои дополнително ќе се развива наставниот процес.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СТИПЕНДИИ

со помош на приватниот сектор за особено надарените ученици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОТВОРАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ КУЈНИ

кои ќе бидат должни да работат според Правилниците за стандард за исхрана и за оброци во училиштата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ВО СИТЕ УЧИЛИШТА,

за учениците од прво до трето одделение.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## НАБАВКА НА ПРОЧИСТУВАЧИ ЗА ВОЗДУХ ЗА УЧИЛНИЦИТЕ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 8. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји,можеме да ја приближиме општина Зрновце до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање за ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоствaување на ЕУ локални информативни центри.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 9. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

зелена архитектура, соработка со центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите, зголемување на третман на отпадните води.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ДЕТЕКТИРАЊЕ, СТОПИРАЊЕ И САНКЦИОНИРАЊЕ НА СОЗДАВАЧИТЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НИЗ НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Локалните диви депонии, ѓубришта и сметишта ќе бидат отстранети, а нивното натамошно создавање ќе биде регулирано (спречено), преку креирање на Тарифник за наплата на услуга.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 година.

## ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА КВАЛИТЕТЕН ВОЗДУХ, „AIR QUALITY PLAN“,

кој ќе содржи: регистер на загадувачи, количества на согорени горива на годишно ниво, мерки за намалување на загадувањето во општината, реализација на предвидените мерки од планот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОСВЕТЕНО АНГАЖИРАЊЕ И КОМПЛЕТНА ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕГИОНАЛНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2025 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА КЕЈОТ НА ЗРНОВСКА РЕКА ВО ЗРНОВЦИ

Регулација и уредување на дел од кејот на Зрновска Река на излезот од село Зрновци.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА КЕЈОТ НА МОРОШКА РЕКА ВО МОРОДВИС

Регулација и уредување на дел од кејот на Морошка Река на излезот од село Мородвис.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2024 година

## БЕСПЛАТНИ САДНИЦИ ЗА СИТЕ

Ревитализација на урбаното зеленило и повторно воведување на Денот за засадување на зелени површини. „Ден на дрвото“ во локални рамки, каде што на заинтересираните жители на Општина Зрновци, месни заедници, културни, здравствени, образовни и јавни установи ќе им бидат доделени бесплатни садници.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА ЗА КВАЛИТЕТОТ И СОСТАВОТ НА ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ

Целта на оваа студија е добивање на релевантни параметри за составот и квалитетот на подземните води и можноста за нивно искористување за повеќе намени.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕРНИ СТАНИЦИ ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Мерни станици кои покрај ПМ-честичките, ќе ги мерат и останатите параметри на загадување на воздухот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗИМСКИ И ЛЕТНИ КАМПОВИ ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВИТЕ УЧИЛИШТА ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ

Со цел развој на еколошката свест кај децата уште од најмала возраст, ќе започне организирање на зимски и летни кампови од едукативен карактер.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2023 година.

# I. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## 100% ПОКРИЕНОСТ СО ШТЕДЛИВО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТУРБИНИ НА ГЛАВНИТЕ ВОДОВОДИ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Поставување на турбини на главните водоводи на водоводната мрежа за производство на електрична енергија.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ГЕОТЕРМАЛНИ ВОДИ КАКО ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА

Анализа и испитување на два извори на геотермална вода во село Видовиште. Имено на две места во село Видовиште особено во врнежливите периоди од годината на самата површина на почвата понира-извира вода која што е со значително поголема температура од атмосферската. Доколку извршените анализи покажат дека изворот е со економски исплатлив капацитет и температурата на водата и може да се користи како енергетски извор тогаш би се пристапило кон фаза за реализирање на капитални проекти од типот ( ИЗГРАДБА НА БАЗЕНТ СО ТОПЛА ВОДА, ИНСТИТУЦИЈА ЗА

ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ИНСТАЛИРАЊЕ НА ТОПЛИНСКИ СИСТЕМИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЗАТОПЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ОРАНЖЕРИСКИ СОВРЕМЕНИ КАПАЦИТЕТИ)

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 10. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој,општините својата економска плодност се повеке ја препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## Е-МААП (КРЕИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА)

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Општина Зрновци изобилува со природни убавини и туристички потенцијал. Со изготвување на Стратегија за туристичка промоција и подршка на локалниот туризам , континуирано инфраструктурно уредување, прилагодување на делови од кањонот на река Зрновка, формирање на совет на угостители, туризмот ќе го развиеме и афирмираме на повисоко ниво

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТИВНИ КИОСЦИ ЗА ТУРИСТИТЕ

Електронски информативните киосци за туристите ќе служат за информирање и лесно пронаоѓање на туристичките места. Овие информативни киосци се во насока на подобрување на туристичката понуда и привлекување на туристите.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.



# 11. СПОРТ, МЛАДИ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно допринесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини. Тоа ни е мотив да продолжиме понатаму.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

реконструкција на делови од фудбалското игралиште и градење на нови спортски содржини за различни спортови).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / во соработка со меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА МОТО КРОС ПАТЕКА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.

## ОТВОРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ПЛАНИНАРСКА / ПОВЕЌЕНАМЕНСКА КУЌИЧКА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2024 година.

## ПОГОЛЕМА ОПШТИНСКА ПОДДРШКА НА ЛОВНИТЕ И РИБОЛОВНИТЕ ДРУШТВА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ

Општината и во наредниот период ќе продолжи со поддршка на спортот и спортските друштва.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ ВО СОРАБОТКА СО МЛАДИТЕ

Известувања на веб-страната на Општината за потребата од одредени донации, во соработка со НВО-секторот при организирање на хуманитарните акции.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.



# 12. КУЛТУРА

## НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

поддршка на културни настани и манифестации, поддршка за регистрирање на локални културни друштва и отворање на едукативни центри за култура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## ИЗРАБОТКА НА МОНОГРАФИЈА ЗА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022-2023 година.

## ФОРМИРАЊЕ НА СЕКЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА:

литературна секција, музичка секција, играорна секција, ликовна секција, итн. Целта е зголемување на интересот на младите кон духовното творештво и уметничките дејности.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ФОРМИРАЊЕ НА ДРАМСКА СЕКЦИЈА УШТЕ ОД НАЈМАЛА ВОЗРАСТ ЗА СИТЕ ВЉУБЕНИЦИ ВО ГЛУМАТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СНИМАЊЕ НА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ

преку кој ќе се зачуваат сеќавањата за минатото на Општина Зрновци и неговите околни села.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 13. СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА И ПОМОШ НА СТАРИТЕ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ

Ангажирање на лица волонтери кои секојдневно ќе им помагаат на старите и изнемоштени лица и на лицата со оштетен вид и телесен инвалидитет.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / буџет на општина.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЗДРАВСТВО

### СТАВАЊЕ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА СИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО БОРБА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД ПАНДЕМИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНА ВИРУСОТ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ПРИ НАБАВКА НА НЕОПХОДНА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТА АМБУЛАНТА ЗРНОВЦИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.

## АНГАЖИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИСТИ ПО ПРЕДХОДЕН ДОГОВОР И РАСПОРЕД НА РАБОТНИ ДЕНОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕДИ ВО ПРОСТОРИИ ВО ОПШТА АМБУЛАНТА ЗРНОВЦИ:

- ортопед за извршување на прегледи на доенчиња и мали деца;
- интернист;
- гиниколог;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ТРИБИНИ СО РАЗНИ ЦЕЛНИ ГРУПИ

на кои од страна на стручни медицински лица ќе им бидат презентирани определени заболувања, нивна превенција и лекување, се со цел нивно спречување и навремено лекување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВО СОРАБОТКА СО ИНСТИТУТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И НАДЛЕЖНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

ќе се изработи физибилити студија и проекти за искористување на геотермални подземни води кои ги има на територијата на Општина Зрновци во атарот на село Видовиште. На тој начин ќе се настојува да се поттикне развојот на бањскиот здравствен туризам со изградба на туристичко - здравствени сместувачки капацитети за физикална терапија и лекување, со помош на јавно-приватно партнерство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / ЈПП / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

# ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

## НОВИ ПРОСТОРИИ И ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИНСТАЛИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ХИДРАНТНИ МЕСТА ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ОПШТИНАТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПОЖАРНА ПРЕВЕНЦИЈА И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Со проектот се предвидува поставување на нови хидрантни места во трите населени места на општина Зрновци, со што ќе се зголеми ефикасноста за дејствување при несакани појави на пожари и навремено спречување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ДРУШТВА ВО КОИ ЌЕ СЕ ОБУЧУВАТ ДОБРОВОЛЦИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗВИДНИЧКИ МЕСТА ОПРЕМЕНИ СО ХИДРАНТИ ВО ЗРНОВЦИ, МОРОДВИС И ВИДОВИШТЕ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022-2025 година.



# 14. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## ДАВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНИ ПОВОЛНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОТКУПУВАЧКИ И ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ЗЕЛЕНЧУК И ОВОШЈЕ,

како на пример ослободување од плаќање на комуналии за градба и други трошоци кои би ги имале при изградбата на капацитетите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СЕЛСКИТЕ - ПОЛСКИ ПАТИШТА.

Изработка на програма за одржување на селските - полски патишта на територијата на Општина Зрновци.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕГУЛАЦИЈА И РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ЗРНОВСКА РЕКА

Регулација и редовно чистење на речното корито на Зрновска Река (покрај каскадите и зафатите за регулирање на вадите за наводнување).

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

## РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА

со цел да не доаѓа до излевање на реките и правење штета на земјоделските површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

- ### ЧИСТЕЊЕ НА ОДВОДНИТЕ КАНАЛИ И КАНАЛИТЕ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОВРШИНИ ВО ОПШТИНА ЗРНОВЦИ.

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2021-2025 година.

- ### БЕТОНИРАЊЕ НА ЛЕСКОВСКА ВАДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2022-2023 година.

- ### БЕТОНИРАЊЕ НА МОРОШКА ВАДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2022-2023 година.

- ### БЕТОНИРАЊЕ НА БАБАРЕА ВАДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2022-2023 година.

- ### БЕТОНИРАЊЕ НА СЕЛСКИ ВАДИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО СЕЛО МОРОДВИС

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2022-2024 година

- ### БЕТОНИРАЊЕ НА СЕЛСКИ ВАДИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО СЕЛО ВИДОВИШТЕ

  **Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

  **Рок на реализација:** 2022-2024 година

### ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ПРИ ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВОН НАСЕЛЕНО,

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021-2025 година.

# 15. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- **Изградба на базен / јавно приватно партнерство;**
- **Изградба на откупен и преработувачки центар за земјоделски производи со сушара и комори за замрзнување / јавно приватно партнерство;**
- **Изградба на Паракрис на „Свети Илија“ (слава на село Зрновци) во централното градско подрачје;**
- **Изградба на Крст-Светилник над општина Зрновци.**

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk